ОГЛАС ЗА АНГАЖИРАЊЕ НА НАЦИОНАЛНИ ЕКСПЕРТИ ПРЕКУ ПРОЕКТОТ „ЗАЈАКНУВАЊЕ НА НАЦИОНАЛНИТЕ КАПАЦИТЕТИ ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА МИНАМАТА КОНВЕНЦИЈАТА ЗА ЖИВА СО ФОКУС НА ИЗРАБОТКА НА СТРАТЕГИЈА ЗА ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ЛОКАЦИИ КОНТАМИНИРАНИ СО ЖИВА“

Министерството за животна средина и просторно планирање, преку проектната канцеларија за неразградливи органски загадувачи (POPs) е во фаза на имплементација на проектот „Зајакнување на националните капацитети за имплементација на Минамата конвенцијата за жива со фокус на изработка на стратегија за процена на локација контаминирана со жива“. Проектот има за цел зајакнување на националните капацитети за имплементација на Минамата конвенцијата за жива преку ажурирање на постоечките инвентари на жива, идентификување на националните приоритети во управувањето со живата, усвојување на сеопфатен Национален план за имплементација и изработка на детална стратегија за проценка на локациите загадени со жива.

Јавниот оглас се однесува на следниве позиции:

1. **Национален сениор експерт - за подготовка на Националниот план за имплементација на Минамата конвенцијата**

**Локација:** Скопје
**Времетраење:** 6 месеци сметано од денот на потпишување на договорот за ангажирање
**Месечен надомест:** 114.000 денари бруто (предмет на персонален данок на доход)

**Опис на работното место и главни задачи:**

Националниот сениор експерт ќе биде ангажиран повремено за период од 6 месеци, за реализација на активности поврзани со третата компонента од проектот, односно „Изработка на Национален план за имплементација на Минамата конвенцијата“. Улогата на националниот експерт е да обезбеди проектните активности поврзани со изработка на Националниот план за имплементација (НИП) на Минамата конвенцијата да резултираат со подготовка на сеопфатен документ кој ќе даде конкретни активности за адекватна имплементација на конвенцијата, како и да ги зајакне националните капацитети во управувањето со живата и нејзиното отстранување.

Во тесна координација со членовите на Проектниот тим, како и со Јуниор експертот, а во согласност со резултатите од инвентарите и дефинираните приоритети, националниот сениор експерт ќе им

помогне на проектните партнери во спроведувањето на проектните активности преку извршување на следново:

- Разгледување на ажурираниот инвентар на жива подготвен во рамките на тековниот проект;
- Разгледување на анализата на постоечката правна и институционална рамка, како и на техничките капацитети во земјава во управувањето со живата подготвени во рамките на тековниот проект;
- Разгледување на листата на национални приоритети во управувањето со живата подготвени во рамките на тековниот проект;
- Дефинирање на акциони планови за првите десет приоритети согласно утврдените приоритети во поединечните области;
- Учество на работилница за развој на акционите планови согласно утврдените приоритети во поединечните области;
- Изработка на НИП документот вклучувајќи ги следниве елементи:
    - **Резиме**: (концизен преглед на главните точки во НИП-от; обврската на земјата за спроведување на НИП; досегашниот напредок во имплементацијата на Конвенцијата, целите на Конвенцијата; националните приоритети и клучни прашања, целите за имплементација и потребите за ресурси);

1. **Вовед**: (да се наведе: целта и структурата на НИП-от, како и резиме на Минамата конвенцијата, нејзините цели и обврски; методологијата користена за изработка на НИП-от, како и процесот на консултација со засегнатите страни; досегашниот напредок во спроведување на Конвенцијата);
2. **Основни податоци за земјата**: (опис на моменталната состојба и нивото на знаење во земјата поврзано со живата, како и статусот на правната и институционалната рамка, како и на техничките капацитети во земјава во управувањето со живата);
    2.1 <u>Профил на земјата</u>: (краток профил на земјата со цел да се постават стратегиите и акционите планови на НИП во контекст специфичен за земјата; сумирање на информациите за географијата и населението; членството во меѓународни и регионални организации; политичкиот и економскиот профил на земјата; профилите на потенцијално важните економски сектори во контекст на прашањето на живата и севкупните услови и приоритети на животната средина во земјата);
    2.2 <u>Институционална и правна рамка и технички капацитети</u>: (опис на сегашната севкупна институционална и правна рамка во која ќе се спроведува НИП-от, како и на техничките капацитети во земјава за управувањето со живата);
    2.3 <u>Приоритети во управувањето со живата</u>: (да се даде преглед на националните приоритети во управувањето со живата);
3. **Стратегија и акциони планови:** (се состои од формална политичка одлука и имплементациона стратегија за НИП, која ќе постави конкретни акциони планови или стратегии за постигнување на обврските од Конвенцијата и сите дополнителни цели поставени од земјата);
    3.1 <u>Политичка одлука</u>: (опис на посветеноста на Владата за решавање на проблемот со живата, вклучувајќи го и формалното усвојување или одобрување на НИП-от, како и да се дефинира како НИП ќе се интегрира во севкупните политики за животна средина и стратегијата за одржлив развој на земјата);

3.2 Стратегија за имплементација: (опис на активностите вклучени во НИП за исполнување на обврските од Минамата конвенцијата, како и опис на механизмот за координирање на НИП активности вклучувајќи преглед, известување, евалуација, ревизија и ажурирање на НИП);

3.3 Акциони планови: (опис на акционите планови, со дефинирани цели, активности и потреби, дизајнирани да ги исполнат обврските од Конвенцијата);

3.4 Временска рамка за имплементација на планот: (преглед на времето потребно за реализација на акционите планови);

3.5 Потребни финансиски средства: (преглед на проектираните трошоци за мерките вклучени во НИП-от, како и идентификација на потенцијалните извори на финансирање).

**Потребни квалификации:**

- Државјанство на Република Северна Македонија;
- Да има општа здравствена способност за работното место,
- Со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

**Ниво на квалификациите:**

- Дипломиран инженер или Магистер по науки во областа на природни и хемиски, медицински науки, технологија, животна средина или машинство;
- Најмалку 7 години искуство и одлично експертско познавање во областа на животна средина, управување со хемикалии;
- Познавање на целиот животен циклус на хемикалиите во индустриските процеси;
- Искуство во спроведување на Меѓународните конвенции за хемикалии, а особено на Минамата конвенцијата за жива;
- Искуство во изработка на национални акциони планови за имплементација на Меѓународни конвенции од областа на заштитата на животната средина (на пр. Стокхолмска конвенција за перзистентни органски загадувачи, и др.)
- Познавање на меѓународните прирачници за еколошки прифатливо управување со хемикалии и отпад, вклучително и жива.

**2. Национален јуниор експерт - за подготовка на Националниот план за имплементација на Минамата конвенцијата**

**Локација:** Скопје
**Времетраење:** 6 месеци сметано од денот на потпишување на договорот за ангажирање
**Месечен надомест:** 48.000 денари бруто (предмет на персонален данок на доход)

**Опис на работното место и главни задачи:**

Националниот јуниор експерт ќе биде ангажиран повремено за период од 6 месеци, за реализација на активности поврзани со третата компонента од проектот, односно „Изработка на Национален план за имплементација на Минамата конвенцијата". Улогата на националниот експерт е да обезбеди проектните активности поврзани со изработка на Националниот план за имплементација (НИП) на Минамата конвенцијата резултираат со подготовка на сеопфатен документ кој ќе даде конкретни активности за адекватна имплементација на конвенцијата, како и да ги зајакне националните капацитети во управувањето со живата и нејзиното отстранување.

Во тесна координација со членовите на Проектниот тим, како и со Сениор експертот, а во согласност со резултатите од инвентарите, националниот експерт ќе им помогне на проектните партнери во спроведувањето на проектните активности преку извршување на следново:

- Разгледување на ажурираниот инвентар на жива подготвен во рамките на тековниот проект;
- Разгледување на анализата на постоечката правна и институционална рамка, како и на техничките капацитети во земјава во управувањето со живата подготвени во рамките на тековниот проект;
- Разгледување на листата на национални приоритети во управувањето со живата подготвени во рамките на тековниот проект;
- Асистенција на сениор експертот во дефинирање на акционите планови за првите десет приоритети согласно утврдените приоритети во поединечните области;
- Комуникација со субјектите од приоритетните извори, како и со останатите засегнати чинители со цел прибирање на потребните податоци за изработка на акциони планови кои ќе бидат применливи;
- Учество на работилница за развој на акционите планови согласно утврдените приоритети во поединечните области;
- Асистенција на сениор експертот во изработка на НИП документот вклучувајќи ги елементите наведени погоре.

**Потребни квалификации:**

- Државјанство на Република Северна Македонија;
- Да има општа здравствена способност за работното место,
- Со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

**Ниво на квалификациите:**

- Завршено високо образование од областа на хемиските науки, технологија, животна средина, или машинство. Предност диплома за магистерски науки од горенаведените области;
- Најмалку 3 (три) години работно искуство во областа на управувањето со хемикалии во животна средина;

- Искуство во реализација на проекти за имплементација на Меѓународни конвенции од областа на управување со хемикалии и заштита на животната средина (на пр. Стокхолмска конвенција за перзистентни органски загадувачи, Минамата конвенција и др.)

НАЧИН НА АПЛИЦИРАЊЕ

Пријавите треба да бидат поднесени на англиски јазик и истите треба да ги вклучат следните документи:

- Мотивациско писмо не подолго од една страна, во кое ќе се наведат главните причини за аплицирањето;
- Биографија во стандардизиран Europass формат;
- 1 (една) препорака од претходни ангажмани на исти/сродни позиции.

Пријавите се поднесуваат по електронски пат на следната адреса: s.andonova@pops.org.mk или suzana_andonova@yahoo.com

Рокот за пријавување е 03. 06. 2024 год. до 23:59 часот (Средноевропско време).

Кандидатите ќе бидат евалуирани врз основа на претходно утврдена методологија, во рок од 5 работни дена од завршувањето на огласот. Овој рок може да биде продолжен во случај на поголем број на добиени апликации.